Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

# Опис на работни задачи за надворешна експертиза за изработка на „Визуелен идентитет (дизајн, подготовка и печатење)“

Во рамките на проектот „Младински политики по мерка на младите” финансиран од МЦМС, организацијата Про Локал од Битола ги поканува сите заинтересирани правни лица да достават потребни документи согласно со постапката за избор на надворешна експертиза за изработка на „Визуелен идентитет (дизајн ,подготовка и печатење)“.

**А. Основни податоци**

**Носител на проектот:** ЗГ Про Локал – Битола

**Партнери на проектот:**

- ЕМПАУРИНГ Крушево
- УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани
- ПЕЛАГОНЦИ ЕТНОС с.Дебриште
- ВОЛВОКС – Битола
- ЕВРОПСКА ГЛЕДНА ТОЧКА Горно Оризари Битола
- МЛАДИНСКИ СОВЕТ Прилеп
- ЕКО ГЕРИЛА ПРЕСПА Ресен
- ГРАЃАНСКА АКТИВА ИКАРУС Демир Хисар

**Главна цел на проектот:**
Проектот „Младински политики по мерка на младите“ има за цел вклучување на граѓанските организации во развојот на политики и процесите на донесување одлуки преку соработка и дијалог со властите.

**Финансиски поддржан** од страна на Швајцарската Агенција за развој и соработка во рамки на програмата Цивика Мобилитас, која ја спроведуваат Македонски центар за меѓународна соработка – МЦМС во партнерство со НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска.

**Времетраење на проектот:** од 01.12.2023 до 31.05.2026

**Б. Работни обврски на компанијата:**

Б.1 ДИЗАЈН на ВИЗУЕЛЕН ИДЕНТИТЕТ

1. Развој на коцепт за визуелен идентитет / бренд на проектот (концепт документ со куса елаборација)
2. Дизјан на оригинално лого, слоган, фонт и бои за проектот
3. Дизајн на најмалку 5 промо формати (отворени за вметнување текст и слики/логоа): банер, онлајн постер, агенда, флаер, меморандум.

Б.2 ПОДГОТОВКА и ПЕЧАТЕЊЕ на промо материјали и промо гаџети (спецификација)

| | назив | количина | спецификација |
|---|---|---|---|
| 1 | Торбица | 20 | Платнена торбица, печат колор, со димезија 38x42 |
| 2 | Банер | 1 | X Банер, фул колор, самостоечки 38x42 sm |
| 3 | Сценографија | 1 | Самостоечка конструкација според сопствен дизајн, колор печат |
| 4 | Сценографија од картон (според дизајн, макс 1,20 висока, 80 см широка) | 3 | Печатење на картон-сива лепенка со пвц лепенка, печат фул колор |
| 5 | Сценски букви | 30 | Од сиропор, колор со акрилна боја |
| 6 | Беџ | 20 | 58mm, со колор печат |
| 7 | Тефтер | 20 | А5 формат со 100 лисја печатени во 1 боја, со колор корица и спирала |
| 8 | Пенкало | 20 | пвц пенкала со колор печат |
| 9 | Флаер | 100 | А4 формат, двостран колор |
| 10 | Памучни маици | 60 | колор печат |

**В. За потребите на горенаведениот проект, фирмата треба да достави:**

1. Развиен и елабориран концепт за визуелен идентитет со поединечни предлог дизајни на форматите наведени во точка Б. (презентација/документ)
2. Испечатени промо материјали согласно табелата и спецификациите дадени во табела Б.2

**Г. Услови за пријавување:**

**Општи квалификации:**

- Минимум 3 години искуство
- Соработка со граѓански организации
- Најмалку 5 реализирани слични проекти
- Листа на опрема адекватна за испорака на горенаведените материјали
- Време на испорака по изборот на дизајн

**Специфични квалификации:**

- Најмалку 1 вработен графички дизајнер

**Д. Дополнители информации**

**Временска рамка за реализација на договорот:**

Временска рамка на спроведување на активностите е од 15.03.2024 – 01.04.2024

Про Локал ќе има координативна улога меѓу избраната комапнија и донаторот за одобрување на дизјанот.

**Вредност на набавката (не повеќе од):** 93 572 денари, бруто износ

**Ѓ. Заинтересираните компании треба да достават:**

- ПРИЈАВА во слободен формат со потпис од овластено лице и печат
- ДРД образец
- Доказ за работно искуство согласно бараните квалификации
- Претходни дизајни/материјали слични на предметот на набавка
- CV на дизјанерот или М1/М2
- Финансиска понуда

**Про Локал го задржува правото по потреба да побара оригинали на документи на увид*

Пријавените компании ќе бидат евалуирани од страна на Комисија за евалуација при Про Локал, врз основа на доставените документи наведени во делот Ѓ со кои се докажува исполнувањето на условите за пријавување наведени во Делот Г.

Наведените услови за пријавување се исклучувачки критериуми и освен исполнувањето на критериумите за избор, за најповолен понудувач ќе биде земено во предвиди најдобра цена за квалитет.

Апликациите треба да бидат доставени по електронски пат на: coordinator@prolocal.mk и cso.prolocal@gmail.com

**Краен рок за пријавување:** 12.03.2024 до 16 часот

Битола,
05.03.2024